EUROPEAN MONEY QUIZ

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

# 5 Години

# Европски Квиз на Пари

# 5 Vite

# Kuizi Evropian i Parave




Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија во декември 2018 година склучи меморандум за соработка со Македонската Банкарска Асоцијација, Народната Банка на Република Северна Македонија и Министерство за образование и наука.

Овој Меморандум се однесува на соработката во сферата на финансиската едукација на младата популација, како и на другите прашања поврзани со финансиската писменост на населението.

Во рамки на оваа соработка, Комисијата за хартии од вредност заедно со останатите потписници на овој документ, се договорија во нашата земја да се организира „Европски квиз на пари“, којшто е проект на Европската банкарска федерација, наменет за финансиска едукација на учениците на возраст од тринаесет до петнаесет години. Европскиот квиз на пари се одвива во две фази – првата се националните натпревари во секоја земја поединечно, а втората е европското финале.

Европската банкарска федерација секоја година доделува парична награда на училиштата во износ од 3.000 евра за прво место, 2.000 евра за второ место и 1.000 евра за трето место.

Националниот натпревар во нашата земја се одржува за време на Глобалната/Европската недела на пари нагласувајќи ја важноста на финансиска едукација за младите луѓе да водат поубав и побезбеден начин на живот.

Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut në Dhjetor të vitit 2018 nënshkroi Memorandum për bashkëpunim me Asociacionin Bankar të Maqedonisë, Bankën Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Ministrinë e Arsimit dhe Shkencës.

Ky Memorandum i referohet bashkëpunimit në sferën e edukimit financiar të popullsisë së re, si dhe çështjeve tjera lidhur me arsimimin financiar të popullsisë.

Në kuadër të këtij bashkëpunimi, Komisioni i Letrave me Vlerë së bashku me nënshkruesit tjerë të këtij dokumenti, ranë dakord që në vendin tonë të organizohet ,,Kuizi Evropian i Parave”, i cili është projekt i Federatës Bankare Evropiane, i destinuar për edukimin financiar të nxënësve të grupmoshës prej trembëdhjetë deri pesëmbëdhjetë vjet. Kuizi Evropian i Parave zhvillohet në dy faza – e para janë garat kombëtare në çdo vend individualisht, ndërkaq e dyta është finalja evropiane.

Federata Bankare Evropiane për çdo vit u ndan çmim në para shkollave në shumë prej 3.000 euro për vendin e parë, 2.000 euro për vendin e dytë dhe 1.000 për vendin e tretë.

Gara kombëtare në vendin tonë mbahet gjatë Javës Globale/Evropiane të Parave, duke theksuar rëndësinë e edukimit financiar të të rinjve për të pasur një mënyrë më të mirë dhe më të sigurtë të jetesës.

# 2019






Натпреварот Европски квиз на пари за првпат во нашата земја се одржа на 27.3.2019 година, на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “во Скопје.

Победници на националниот натпревар беа Марко Инѓилизов и Викторија Панова од СОУ „Гимназија Кочо Рацин” Велес, менторирани од Марјан Стојановски. Второто место го освоија Марија Стојаноска и Димитар Дукоски од ООУ „Блаже Конески” од Прилеп, а третопласирани беа Петар Живковиќ и Марија Коруновска од ООУ „Елпида Караманди” од Битола.

Во конкуренција на финалисти од дваесет и осум европски земји, претставниците на Република Северна Македонија, младите велешани Викторија Панова и Марко Инѓилизов, го освоија второто место на финалето на Европскиот квиз на парите што се одржа во Брисел, Белгија.

Gara Kuizi Evropian i Parave për herë të parë në vendin tonë u mbajt më datë 27.3.2019 në Fakultetin Ekonomik pranë Universitetit “Shën Kirili dhe Metodi” në Shkup.

Fitues të garës kombëtare ishin Marko Ingjilizov dhe Viktorija Panova nga SHMK „Gjimnazi Koço Racin” nga Velesi, të mentoruar nga Marjan Stojanovski. Vendin e dytë e fituan Marija Stojanoska dhe Dimitar Dukoski nga SHFK „Blazhe Koneski” nga Prilepi, ndërkaq të plasuar në vend të tretë ishin Petar Zhivkoviq dhe Marija Korunovska nga SHFK „Elpida Karamandi” nga Manastiri.

Në konkurrencën e finalistëve nga njëzet e tetë vende evropiane, përfaqësuesit e Republikës së Maqedonisë së Veriut, të rinjtë nga Velesi, Viktorija Panova dhe Marko Ingjilizov, e fituan vendin e dytë në finalen e Kuizit Evropian të Parave i cili u mbajt në Bruksel, Belgjikë.

# 2020




Втората година на националниот натпревар првото место го освои Едон Хамбари од основното училиште „Исмаил Ќемали“ од Скопје, под менторство на Мерита Таири.

Второто место го освои Андреј Шумански од основното училиште „Кирил Пејчиновиќ“ од Скопје, под менторство на Александра Бошковска-Спасовска и третото место го освои Антонио Јорданоски од основното училиште „Рампо Левката“ од Прилеп, под менторство на Илчо Јорданоски.

Глобалните околности со пандемијата го сменија текот на натпреварот, тој се одвиваше виртуелно и на европското финале можеа да земат учество сите заинтересирани ученици.

Според податоците коишто ги објави Европската банкарска федерација, на овој значаен настан најбројни беа претставниците на нашата земја, а Христијан Андовски од средното училиште „Коле Неделковски“ од Велес стана европски вицешампион, со што нашата земја втора година по ред оствари голем успех на натпреварот.

Vitin e dytë, në garën kombëtare, vendin e parë e fitoi Edon Hambari nga shkolla fillore ,,Ismail Qemali” nga Shkupi, nën mentorimin e Merita Tahirit.

Vendin e dytë e fitoi Andrej Shumanski nga shkolla fillore ,,Kiril Pejçinoviq” nga Shkupi, nën mentorimin e Aleksandra Boshkovska-Spasovska dhe vendin e tretë e fitoi Antonio Jordanoski nga shkolla fillore ,,Rampo Levkata” nga Prilepi, nën mentorimin e Ilço Jordanoski.

Rrethanat globale me pandeminë e ndryshuan rrjedhën e garës, dhe ajo zhvillohej në mënyrë virtuele dhe në finalen evropiane kishin mundësinë që të marrin pjesë të gjithë nxënësit e interesuar.

Sipas të dhënave të cilat i publikoi Federata Bankare Evropiane, në këtë event të rëndësishëm më të numërtit ishin përfaqësuesit e vendit tonë, ndërkaq Hristijan Andovski nga shkolla e mesme ,,Kole Nedelkovski” nga Velesi u bë nënkampion evropian, me çfarë vendi ynë vitin e dytë radhazi realizoi sukses të madh në garën.

# 2021



Во 2021 натпреварот продолжи да се одвива виртуелно.

Победници на националниот натпревар беа Благоја Трајчески и Михаил Атанасовски од основното училиште „Св. Климент Охридски“ - Битола, под менторство на Бојана Димовска Гоновска.

Второто место го освоија Бојана Ангелеска и Звездана Дуцкиновиќ и трето место Филип Крстески и Дамјан Коцаревски, двата тима од ООУ „Христо Узунов“од Охрид, под менторство на Горица Дуцкиновиќ.

Благоја и Михаил од Битола беа наши беа наши претставници на европското финале, кое се одржа онлајн на 20.4.2021 година.

Në vitin 2021, gara vazhdoi të zhvillohet në mënyrë virtuele.

Fitues të garës kombëtare ishin Blagoja Trajçeski dhe Mihail Atanasovski nga shkolla fillore ,,Shën Kliment Ohridski” – Manastir, nën mentorimin e Bojana Dimovska Gonovska.

Vendin e dytë e fituan Bojana Angeleska dhe Zvezdana Duckinoviq dhe vendin e tretë Filip Krsteski dhe Damjan Kocarevski, të dy ekipet nga SHFK ,,Hristo Uzunov” nga Ohri, nën mentorim të Gorica Duckinoviq.

Blagoja dhe Mihaili nga Manastiri ishin përfaqësuesit tanë në finalen evropiane e cila u mbajt online më datë 20.4.2021.

# 2022





Европскиот квиз на пари по четврти пат во нашата земја се одржа на 24.3.2022 година.

Национални победници и наши претставници на европското финале беа Матеја Талеска и Дино Дановиц од СУГС „Јосип Броз Тито“ – Скопје, менторирани од Емилија Величкова.

Второпласирани беа Теона Митревска и Јани Јеренда од училиштето СЕПУГС „Васил Антевски Дрен” – Скопје, со менторката Биљана Ниновска и третото место го освоија Марија Вчкова и Стефанија Сарафимова од училиштето СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ – Кавадарци со менторката Јасминка Ризова.

Најдобрите тимови и нивните ментори добија пригодни награди од организаторите и имаа можност да ја посетат Македонска берза АД Скопје.

Kuizi Evropian i Parave për herë të katërt në vendin tonë u mbajt më datë 24.3.2022.

Fituesit kombëtarë dhe përfaqësues tanë në finalen evropiane ishin Mateja Taleska dhe Dino Danovic nga SHMQSH ,Josip Broz Tito” – Shkup, të mentoruar nga Emilija Veliçkova.

Në vend të dytë të plasuar ishin Teona Mitrevska dhe Jani Jerenda nga shkolla SHMEJQSH ,,Vasil Antevski Dren” – Shkup, me mentoren Biljana Ninovska dhe vendin e tretë e fituan Marija Vçkova dhe Stefanija Sarafimova nga shkolla SHMK Gjimnazi ,,Dobri Daskalov” – Kavadarë, me mentoren Jasminka Rizova.

Ekipet më të mira dhe mentorët e tyre fituan çmime përkatëse nga organizatorët dhe patën mundësinë që të vizitojnë Bursën e Maqedonisë ShA Shkup.

# 2023






Оваа година се одржа петтото издание на натпреварот. На првиот ден од глобалната недела на пари, 20.3.2023 се одржа првиот круг каде беа избрани најдобрите три тима во нашата држава.

На последниот ден од глобалната недела на пари, 24.3.2023 трите најдобри тима се натпреваруваа во просториите на Македонската банкарска асоцијација каде ги избравме националните победници: Кирил Китевски и Кристијан Лазароски од ООУ "Мите Богоевски" – Ресен менторирани од Соња Стрезовска.

Второто место го освоија Благоја Трајчески, кој во 2021 беше дел од победничкиот тим, и Теодора Трпоска од СОЕУ "Јане Сандански" – Битола со менторката Билјана Кочовска. Никола Павловски и Дарија Јакимовска од ОУ „Гоце Делчев" Илинден со менторката Данче Нацевска беа третопласирани.

Кирил и Кристијан се натпреваруваа на европското финале што се одржа на 16-ти мај во Брисел, Белгија.

Këtë vit u mbajt edicioni i pestë i garës. Në ditën e parë të Javës globale të parave, më datë 20.3.2023 u mbajt rrethi i parë, ku u zgjodhën tre ekipet më të mira në vendin tonë.

Në ditën e fundit të Javës globale të parave, më datë 24.3.2023 tre ekipet më të mira garuan në hapësirat e Asociacionit Bankar të Maqedonisë ku i zgjodhëm fituesit kombëtarë: Kiril Kitevski dhe Kristijan Lazaroski nga SHFK ,,Mite Bogoevski" – Resnjë, të mentoruar nga Sonja Strezovska.

Vendin e dytë e fituan Blagoja Trajçeski, i cili në vitin 2021 ishte pjesë e ekipit fitues, dhe Teodora Trposka nga SHMKE ,,Jane Sandanski" – Manastir, me mentoren Biljana Koçovska. Në vendin e tretë të plasuar ishin Nikola Pavlovski dhe Darija Jakimovska nga SHF ,,Goce Delçev" Ilinden me mentoren Dançe Nacevska.

Kirili dhe Kristijani garonin në finalen evropiane e cila u mbajt më 16 Maj në Bruksel, Belgjikë.


EUROPEAN
MONEY
QUIZ.EU